Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ, по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: 22. 12. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 7236/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРАТЕНИЦИ

Бојан Стојаноски

Драгана Бојковска

Мартин Стојановски

Никола Кочановски

Дафина Стојаноска

Бране Петрушевски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/22, 208/24 и 59/25) се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам, како и работењето и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање.

Во член 31 од Законот предвидена е обврска странските трустови и правни аранжмани да запишуваат вистински сопственик/ци доколку повереникот/управителот или лице кое извршува активности, еднакви или слични како во членот 22 од законот (основач, повереник, заштитник, корисник или група корисници под услов идните корисници да се утврдени или да можат да се утврдат, друго физичко лице кое преку директна или индиректна сопственост или на друг начин врши контрола над трустот), се стекнал со седиште или престојувалиште во Република Северна Македонија, односно во име на трустот или правниот аранжман стекнал имот односно воспоставил деловни односи со субјектите пропишани со законот или од денот кога добил единствен даночен број (ЕДБ) во Република Северна Македонија согласно со закон.  Оваа одреба треба да започне да се применува од јануари 2026 година. Централниот регистар на Р.С.Македонија во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, го администрира регистарот на вистински сопственици при што постапката на упис и издавање на информации е во согласност со Правилник за упис на податоци и издавање на информации од регистарот на вистински сопственици.

Со цел обезбедување на функционалност за упис на вистинските сопственици на странските трустови и правни аранжмани, потребно е да се пролонгира рокот за упис во регистарот, односно да се одложи примената на одредбата до 1 јануари 2027 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на овој Предлог на закон е одложување на рокот за упис на вистинските сопственици на странските трустови и правни аранжмани од 1 јануари 2027 година.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

## Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 208/24) во членот 46 зборовите „1 јануари 2026 година“ се заменуваат со зборовите „1 јануари 2027 година“.

## Член 2

Во членот 47 зборовите „1 јануари 2025 година“ се заменуваат со зборовите „1 јануари 2027 година“.

## Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членовите 1 и 2 од Предлогот на законот се вршат измени во член 46 и 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 208/24), а кои се однесуваат на член 206 и член 31 од Законот, односно се пролонгира рокот за упис на вистинските сопственици на странските трустови и правни аранжмани и истите ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година. Со цел обезбедување на функционалност за упис на вистинските сопственици на странските трустови и правни аранжмани, се пролонгира рокот за упис во регистарот, односно да се одложи примената на одредбата до 1 јануари 2027 година.

Со членот 3 од Предлогот на законот се уредува влегувањето во сила на овој закон.

### II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на законот ќе се овозможи пролонгирање на рокот за упис на вистинските сопственици на странските трустови и правни аранжмани.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 208/24)

Член 46

Во член 206 во ставот (2) зборовите „1 јануари 2025 година” се заменуваат со зборовите „1 јануари 2026 година”.

Член 47

Одредбите од членот 11 од овој закон со кои во членот 31 се изменува ставот (2) ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2025 година.